Свечена реч на промоцијата на тритомната едиција РАЦИН на МАНУ

Скопје, 7 април 2025

Почитувани колеги и гости,

Во една прилика, академик Блаже Конески, првиот претседател на МАНУ, има кажано дека е тешко да се најде „во нашата културна историја друга толку монолитна личност како Кочо Рацин, кој по еден творечки начин гради мостови меѓу минатото и иднината, (и) кој знае на здрави основи да создава културна традиција...“.

Коста (Апостол) Солев, познат како Кочо Рацин, кој е роден во Велес, 22 декември 1908, а загинува на 13 јуни 1943, на Лопушник, кичевско, е основоположник на современата македонска поезија, проза и публицистика и, воедно, истакнат политички активист, борец за социјална правда и слобода на македонските и југословенските простори. Првата негова збирка *Антологија на болката* е напишана на некогашниот српско/хрватски стандард во тек на 1928-1929 година, а на македонски јазик е преведена од академик Гане Тодоровски и објавена постхумно во неговите *Избрани дела* од 1987 година. Збирката *Бели мугри* на Рацин е напишана на мајчиниот македонски јазик и објавена во Самобор, Хрватска, 1939 година, во тираж од 4000 примероци, тираж кој денес е речиси невозможен кога се работи за поетска книга.

Кочо Рацин бил и сѐ уште е еден од најчитаните и најпопуларните македонски поети. Тој е бард на македонската поезија затоа што најинтимно ја допрел душата на народот, ја искажал болката на работниот народ и ја поттикнал неговата надеж и верба во поубава и поправедна иднина.

Покрај Конески и Тодоровски, и други редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите пишувале и пишуваат за делото и животниот пат на Кочо Рацин: Александар Спасов, Блаже Ристовски, Георги Старделов, Катица Ќулавкова, Венко Андоновски... И некои членови на МАНУ надвор од работниот состав имаат објавено студии и монографии за Рацин, а во оваа прилика ќе го спомнам професорот Горан Калоѓера, кој минатата година ја објави на македонски јазик својата книга за Рацин, *Поглед отстрана* (Скопје, Македоника).

Почитувани,

Колку и да претставувало предмет на научни истражувања, делото на Рацин не е целосно критички обработено. Од 1987 до оваа, 2025 година, кога излегува од печат ова тритомно издание на МАНУ, поминати се 38 години, речиси четири децении. Во текот на минатата година, во рамки на еден вонреден научно-истражувачки проект на МАНУ, подготвени се трите тома со наслов: *Поезија*, приреден од дописниот член на МАНУ професор д-р Венко

Андоновски; вториот том *Проза и публицистика*, приреден од професор д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, и третиот том *Животопис на Рацин*, приреден од професор Весна Мојсова-Чепишевска. Овие три тома имаат карактеристики на критичко издание, иако целосно критичко издание допрва треба да се изработи, но за тоа е неопходна дополнителна истражувачка работа по архивите во неколку центри во соседството.

Сепак, со оваа тритомна едиција е направен голем исчекор во доближувањето на богатиот и разновиден книжевен опус на Рацин до македонската научна, културна и образовна јавност. Ова е единствено издание кое ја претставува интегрално поезијата на Рацин од нејзините почетоци до крајот, потоа ја претставува за прв пат севкупната засега достапна проза и публицистика на Рацин во оригиналните верзии, во превод и во адаптација на современиот стандард на македонскиот јазик и, на крај, во третиот том, прави ново хронолошко и наративно исчитување на животот на Рацин.

Сите томови се придружени со предговор и со обемни и темелни поговори, особено првиот и вториот том. Колегата Венко Андоновски е автор на поговор кој претставува цела една „Книга за Рацин". Обемен и детален е и поговорот на професорката Тасевска-Хаџи-Бошкова, а третиот том, како биографски, претставува навраќање со коментари на сите позначајни датуми и настани од животот на Рацин. Верувам дека со едицијата РАЦИН ќе се обнови не само интересот за дејноста и делото на Рацин, туку ќе се реафирмираат и неговите уметнички и научни квалитети, а со тоа ќе се укаже на актуелноста на неговото дело.

Оваа промоција се надоврзува на свечениот собир одржан во Македонската академија на науките и уметностите на 22.12.2008, по повод 100 гоишнината од раѓањето на Кочо Солев Рацин. Оваа промоција претставува не само пофалба, туку и објава на делото на Рацин кој ги поставува темелите на современата македонска книжевност.

Ја користам оваа пригода да искажам голема благодарност во свое име и во име на МАНУ до патроните на ова тритомно издание, угледните македонски бизнисмени, господин Коста Кипровски и госпоѓа Ана Заковска. Без нивната иницијатива и целосна финансиска поддршка, уште долго ќе се чекаше на подготовка и објавување на вакво издание направено според високи научни, дизајнерски и печатарски стандарди.

На крај, дозволете да им се заблагодарам и на членовите на Редакцијата на едицијата Рацин: академик Катица Ќулавкова, главен стручен редактор, дописен член Венко Андоновски, редовен професор Искра Тасевска Хаџи-Бошкова и редовен професор Тони Васиќ кој се погрижи за врвниот квалитет на дизајнот на трите тома.

Во продолжение, почитувани, ќе ги слушнеме промотивните беседи на редакторот и приредувачите, а самата промоција ќе биде проследена со музичкиот прилог на нашиот еминентен професор, композитор и етномузиколог Драган Даутовски и со настапот на студентките од Факултетот за драмски уметност -и Лора Штарго и Ангела Пејковска.

*Академик Живко Попов, претседател на МАНУ*